ЛЕВИЦА

ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ
2025

# НАРОДОТ СЕГА!

## ИЗБОРНА ПРОГРАМА ЗА СТАРО НАГОРИЧАНЕ

6

# ЛЕВИЦА

## ЗА СТАРО НАГОРИЧАНЕ

6

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

- Изградба на старски дом.
- Враќање на бањата Стрновац во рацете на општината и нејзина реконструкција, модернизација и промоција како бањски и рурален туристички потенцијал.
- Изградба на полуотворен сточен и аграрен пазар.
- Реконструкција на интернатот во с. Драгоманце.
- Поврзување на сите рурални средини со асфалтен пат и креирање на нови бушотини за вода за пиење и регионални базени за наводнување.
- Изградба на паркови и зелени површини во неколкуте поголеми села во општината.
- Обновување и поставување на спомен плочи на значајни објектот и изградба на парк во с. Малотино посветен на Козјачкиот партизански одред.

# I. ДИРЕКТНА ДЕМОКРАТИЈА И ЛОКАЛНО САМОУПРАВУВАЊЕ

## 1. Левица се заложува за законски измени со кои:

- Бројот на мандати на градоначалниците да се ограничи на максимум два
- Во иднина ќе се спроведат инструменти за непосредна демократија во локалната самоуправа. Левица ќе се залага да се намалат цензуси за свикување на референдуми, народни и месни иницијативи.
- Левица ќе се залага за законски измени со цел да постои отповикливост на функцијата Градоначалник

## 2. Инклузивност на граѓаните во процесот на креирање на политики

- Отворен ден за граѓански идеи.
- Отворени денови на градоначалникот и советниците.
- Граѓанска партиципативност и вклучување на локалните, маалски жители, во процесот на креирањето на децентрализирани јавни политики од корист за жителите во месните заедници (јавни анкти, јавни расправи дебати сл.).

## 3. Транспарентност во работењето на општината

- Двосменско работење на шалтерите, со цел поголема достапност на граѓаните.
- Задложително одржување на седниците на советот вон работно време, со цел можност за присуство и следење од страна на повеќе граѓани.
- Јавно достапни материјали за работа на седниците, вклучително предлог програмите, записниците, предлог буџетите и сл.

# I. ДИРЕКТНА ДЕМОКРАТИЈА И ЛОКАЛНО САМОУПРАВУВАЊЕ

## 4. Локална власт во заштита на работничките права

- Департизација на работните места во општинската администрација и враќање на критериумите на стручност, компетентност и професионални квалификации.
- Бирање преку јавни огласи за вработување на најквалитетните пријавени кандидати на конкурсите.
- Елиминација на непотизмот и партиските врски при вработувањето и напредувањето во кариерата.
- Почитување на работничките права на вработените во институциите под надлежноста на локална самоуправа.
- Непречено синдикално организирање во јавната администрација на локално ниво.
- Забрана за договори за вработување по етнички клуч.

## 5. Намалени хонорари на локалните функционери

- Намалување на паушалите на членовите на УО и НО (Управните и надзорните одбори) во јавните комунални претпријатија и нивна професионализација.
- Намалување на бројот на членови на УО и НО во јавните претпријатија.

# II. ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ИНФРАСТРУКТУРА

## 1. Плански проактивни општини

- Забрана за издавање под концесии на јавни објекти изградени по пат на самопридонес или со средства од јавните фондови и буџетот на општината.
- Оспособување на ЈКП Козјак за извршување градежни работи, како замена на тендер-системот.
- Изградба на старски дом.
- Изработка на проект за изградба на фотоволтаична централа за потребите на јавните установи и претпријатија.
- Изградба на стационар за бездомни животни.
- Поддршка на развојот на занаетчиите и малите семејни бизниси преку буџетски средства и стратешки развојни документи.
- Помош на локално земјоделство преку бесплатни консултации и формирање на локална земјоделска заедница, која ке им пружа бесплатна земјоделска обука.
- Помош на локално земјоделство преку создавање на општински аграрен фонд со стовариште за семе, ѓубрива, системи за наводнување, преку консултации и помош при формирање на земјоделско и сточарско задругарство за заеднички пласман на производи, брендирање на истите и креирање на

општински простор за заедничко пласирање на производи.

## 2. Инфраструктурна децентрализација и рурален развој

- Активирање на амбулантите во Младо Нагоричане, Старо Нагоричане, Арбанашко и формирање на мобилна амбуланта со цел секој регион да има пристап до медицинска услуга, преку соработка со министерството за здравство.
- Набавка на неколку амбулантни возила.
- Заложба за централната власт да пробие делница с. Арбанашко - с. П›клиште со цел уште едно поврзување на о. Старо Нагоричане и о. Ранковце, за полесно одвивање на сообраќајот во овој регион.
- Ревизија на функционирањето на ЈКП Козјак, со цел поефективно справување со диви депонии и обезбедување на околината од еколошки и земјоделски катастрофи.

Урбанизација на селата Старо и Младо Нагоричане, креирање на ДУП-ови, развивање на водоводна и канализациона мрежа преку крупни општински бушотини и септички јами, и поефективна патна поврзаност меѓу селата и маалата.

- Ревизија на сите спорни ДУП-ови и ГУП-ови кои се издадени под влијание на корупциски афери.
- Забрана за продажба на општинско земјиште.
- Заложба за реката Пчиња да се прогласи за заштитено подрачје со цел да се сузбие и искорени дивиот ископ на песок.

## 3. Планско градење

- Рамномерен инфраструктурен развој со цел да нема избегнување на инвестиции во посиромашни средини од општината.
- Изградба на тротоари, рекреативни и велосипедски патеки.
- Поставување на соларни панели над секоја општинска зграда и објект на ЈП.
- Поставување на кружен тек на приклучокот кај с. Драгоманце.
- Поставување на бесплатни wi-fi зони во општинската зграда, на плоштадот во с. Старо Нагоричане и во сите јавни објекти.
- Изградба на паркови, рекреативни, пешачки зони на неколку локации покрај р. Пчиња.

## 4. Јавен превоз

- Субвенционирани билети за превоз до Куманово за различни категории граѓани кои живеат во социјален ризик.
- Реконструкција на автобуските постојки.
- План за соработка со општина Куманово со цел подобрено искористување на туристичкиот капацитет на Меморијален центар АСНОМ и планинарскиот капацитет на планината Козјак како алтернативен тип на туризам.

# II. ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ИНФРАСТРУКТУРА

## 5. Екологија и зелено живеење

- Поддршка на граѓански иницијативи за унапредување на животната средина.
- Поставување на мрежа од дронови за навремено детектирање на пожари.
- Поставување на контејнери за градежен шут и отпад на неколку локации.
- Претворање на неискористени површини во зелени зони кои ќе дејствуваат како природни прочистувачи на воздухот.

## 6. Комунална грижа и јавни услуги

- Чиста вода за пиење во секое село преку бушотини.
- Креирање на базени наменети за земјоделско полевање.
- Редовно чистење на каналите и речните корита од нанесениот цврст отпад.
- Подобрување на хигиената преку редовно комунално одржување.
- Зазеленување на гробните површини на територија на Општина Старо Нагоричане.
- Обезбедување на патишта и пристапни точки до гробиштата.
- Изградба на јавни тоалети на неколку локации.
- Хортикултурно уредување на зелени јавни површини.
- Спроведување на редовна дезинфекција на јавните простори.

# III. ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ (ОБРАЗОВАНИЕ, КУЛТУРА, ТУРИЗАМ И СПОРТ)

## 1. Образование

- Реновирање на дотраените училишта во општина Старо Нагоричане.
- Ослободување од трошоци за училишна хранарина за деца од социјално ранливи категории.
- Бесплатна градинка за секое дете.
- Бесплатни курсеви за странски јазици и компјутери за децата од посиромашни семејства.
- Бесплатна оброк за сите ученици во основните училишта.
- Бесплатен превоз на ученици.
- Забрана за издавање на училишните кујни под концесија
- Забрана за приватно обезбедување.
- Финасиска помош за сите запишани првачиња од социјално ранливи категории.
- Стипендирање на најдобрите ученици и студенти.

# III. УРБАНИЗАМ И СООБРАЌАЈ

## 2. Култура, туризам и спорт

- Изградба на Младински културен центар.
- Организирање на годишни фестивали и културни настани кои ќе го промовираат руралниот туризам.
- Изградба на нова и одржување постоечката спортска инфраструктура.
- Изградба на повеќе детски игралишта.
- Доизградба на објекти во служба на месните заедници со цел истите да имаат капацитет за културни манифестации.
- Заложба за реконструкција и изградба на спортско-стрелечки капацитети со цел заживување и актуелизирање на овој спорт.
- Рестраврација и поставување на нови споменици, спомен плочи и бисти на територија на Општина Старо Нагоричане од НОБ.

## 3. Развој на културен туризам и промоција на историското наследство

- Заложба постоечките туристички капацитети да се модернизираат, со поставување на информативни табли, интерактивни VR дисплеи, мобилни апликации, QR кодови на алтернативниот туризам (планински, манастирски, рурален), на местата како што се манастирот во с. Старо Нагоричане, Козјачие, Кокино, Длабочица и др.

# IV. СОЦИЈАЛНА ГРИЖА И ЈАВНО ЗДРАВЈЕ

## 1. Помош за социјално ранливи категории

- Воведување Програма за заштита од „енергетска сиромаштија" (субвенционирање на долговите за комуналии на сиромашните семејства)
- Олеснителни околности за прием во старски дом за лицата кои се примател на социјална помош и притоа нивните блиски не се во финансиска положба да ги издржуваат.
- Воведување посебен интервентен фонд за социјално загрозени семејства.
- Фонд за поддршка на самохрани родители
- Помош на лица со специјални потреби (ментално здравје, зависности, злоупотреби на деца и сл.)
- Институционална помош на жртви на семејно насилство.
- Формирање на социјален сектор во склоп на општината чија надлежност ќе е помош и поддршка на млади брачни парови, самохрани родители, рехабилитирани зависници, жртви на семејно насилство, преку кој ќе имаат пристап до бесплатни совети, консултации.

# IV. СОЦИЈАЛНА ГРИЖА И ЈАВНО ЗДРАВЈЕ

- Субвенции за набавка на нов велосипед за деца без родители и деца чии родители се невработени.

### 2. Општествена грижа за лица со попреченост

- Обезбедување лица за придружба на децата кои посетуваат настава во основните училишта и обезбедување други бенифиции за родителите кој имаат деца со попреченост.
- Програми за обучување, доквалификација и преквалификација за вработување и самовработување на лицата со попреченост.
- Обезбедување рампи, лифтови и уредени патеки за пристап на лицата со попреченост во сите јавни установи, паркови и игралишта.

### 3. Заштита на стари и изнемоштени лица

- Посети во домашни услови на стари и изнемоштени лица преку соработка со Црвен крст и домот за стари лица.

# V. ИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА И ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ

### 1. Стоп за корупцијата

- Нулта толеранција кон изигрувањето на законите и злоупотребата на моќта и надлежностите на општинските функционери, особено при: располагањето со општинските пари, склучувањето на тендерите, промената на генералните и деталните урбанистички планови и сл.

### 2. Персонално екипирање на општинските инспекции

- Осовременување на возниот парк на територијалната Противпожарна служба.
- Поставување хидранти до општинските објекти.
- Организирање превентивни обуки за заштита и спасување на луѓето и имот.
- Изведување координирани показни вежби за хипотетички природни непогоди и други несреќи од поголеми размери.
- Комплетно доекипирање на инспекциските служби, со цел зголемување на нивната ефикасност.
- Обуки за надоградување на вештините и знаењата на локалните инспектори во сите сектори.
- Санкционирање на инспекторите за неизвршување на нивните теренски надлежности.

# ЛЕВИЦА

## ЗА СТАРО НАГОРИЧАНЕ

6

# ЛЕВИЦА

## ЗА СТАРО НАГОРИЧАНЕ

# 6

levica.mk
@levica_mk
@levica_partija
PartijaLevica
@levica.mk
@levica_partija